## Жаки Стефковска: Ќе пеам со Дамир, Оливер и со Гоце

Актерката и кантавтор Жаклина Стефковска ги објави деталите околу својот концерт, насловен "За сите заљубени", кој ќе се одржи на 14. идниот месец, во Драмски театар. Со неа на сцената ќе се појават нејзините пријатели: Дамир Имери на клавијатури, Оливер Јосифовски на контрабас и Гоце Стевковски на тапани.



"На Денот на љубовта и виното, споделете ја љубовната приказна на една актерка и пејачка, која ќе ве одведе со своите песни во нејзиниот свет, помеѓу сонот и јавето. Да, тоа е мојата љубовна приказна. Идејата и текстот се мои и ќе ги изведам моите авторски песни, кои ги направив и ги испеав низ годините. Меѓу другите, ќе се најдат ˊЗасекогаш твојаˊ, ˊПисма неотворениˊ, ˊБаладаˊ и други, кои овој пат ќе прозвучат поинаку", вели Жаки.

Концертот ќе започне во 20 часот, а билетите се по 250 денари.

***(В.М.)***

СЕ ПОДГОТВУВА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Награда за животно дело на Зоран Георгиев за "Еден бакнеж"



Академијата на најпопуларната манифестација, "Златна бубамара на популарноста", оваа година ќе ѝ ја додели наградата за животно дело на легендата на македонската забавна песна - Зоран Георгиев. Наградата се поклопува со јубилејот - 50 години од изведбата на песната "Еден бакнеж", која беше отпеана во алтернација со Нина Спирова, на фестивалот во "Опатија 1962".

Георгиев е жива легенда на македонската забавна песна и долги години живее во Белград. Има отпеано рефрени од сите врвни македонски автори од тоа време, а незаборавни се неговите "Еден бакнеж", "Љуби ме, љуби", "Мирјанка", "Последен ден на разделбата" и многу други. Многумина ги паметат и неговите касети со обработки на македонски народни бисери.

"Златна бубамара", со своите традиција и забавен карактер, се етаблира за најзначајната награда во нашата земја и оваа година го прославува 15-годишниот јубилеј. Ќе се одржи на 23 февруари, во Универзалната сала.

***(В.М.)***

АКЦИЈА НА ДЕТСКИОТ ХОР ОД БИТОЛА

# "Ѕвончињата" го спасуваат нилското коњче

Во саботата, во Центарот за култура, хорот "Ѕвончиња" одржа хуманитарен концерт, насловен "Пееме до ѕвездите", за спас на нилското коњче. Концертот беше во чест на Тоше Проески и се пееја негови песни. Сите средства од концертот ќе бидат донирани во Зоолошката градина во Битола за изградба на ново живеалиште на малото нилско коњче. Исто така, "ѕвончињата" купија и околу 50 кадифени мечиња за децата од Домот за деца без родители во Битола. Во "Ѕвончиња" членуваат деца од три до шеснаесет години, а гости на концертот беа групите "Калабалак" и "Мелодиум".



Публиката беше презадоволна и ги поздравуваше изведувачите со громогласен аплауз.

***(Н.Н.)***